„Повикувач ќе повика: ‚Ќе бидете здрави и никогаш нема да се разболите, ќе живеете и никогаш нема да умрете, ќе бидете млади и никогаш нема да остарите, ќе уживате во животот и никогаш нема да страдате.‘

Од Ебу Сеид ал-Худри и Ебу Хурејре, радијаллаху анхума, се пренесува дека Аллаховиот пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Повикувач ќе повика: ‚Ќе бидете здрави и никогаш нема да се разболите, ќе живеете и никогаш нема да умрете, ќе бидете млади и никогаш нема да остарите, ќе уживате во животот и никогаш нема да страдате.‘ Такви се и зборовите на Возвишениот Аллах: ‚И на нив ќе им се повика: Тој Џенет во наследство го добивте за тоа што го правевте.‘“ (Ел Араф: 43)

[رواه مسلم] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол дека повикувач ќе ги повика жителите на Џенетот додека тие уживаат таму: „Ќе бидете здрави и никогаш нема да се разболите во Џенетот, без разлика колку мала да е болеста. Ќе живеете и никогаш нема да умрете таму, дури и ако тоа е сон, кој претставува мала смрт. Таму ќе бидете млади и никогаш повеќе нема да се остарите. Таму ќе уживате и никогаш нема да тагувате или да бидете разочарани. Ова е она за кое Возвишениот Аллах рекол: ‚И на нив ќе им се повика: Тој Џенет во наследство го добивте за тоа што го правевте.‘“ (Ел Араф: 43).

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/8341